1953-2003 50 ГОДИНИ

Работнички универзитет “Јоска Свештарот” - Струмица



ЛИКОВЕН САЛОН

# ЗОРАН ПУРИЌ
# ZORAN PURIC

Не мора да се имаат никакви претходни познавања за творечкиот опус на Зоран Пуриќ(Белград, СЦГ), па да може, уште од првата средба со неговите остварувања, набљудувачот да добие уверување дека (ашколсун, машала) стои пред творби на врвен автор, исклучително невообичаен, вонсериски, вредносен, инвентивен калибар. Презентацијата на неговите цртачки остварувања е ретка можност (по првичните сознанија за неговата творечка природа, кои датираат од 1999 година кога беше вклучен во работата на Меѓународната струмичка ликовна колонија и Валандово) најнепосредно да се согледа и да се докомплетира доживувањето.

Презентацијата на остварувањето на Зоран Пуриќ на нашата ликовна сцена, покрај сета радост, пустата завидливост истовремено потсетува на непомирливост од запоставеноста на цртежот во македонската современа ликовна уметност. Иако, извесен број автори во своето творештво одделно внимание му посветиле и на цртежот, можеби е престрого да се изнесе таква констатација, но сепак, за жал, скоро и да не постои поединец кој целосно, со сиот жар и творечка енергија му се посветил како на вистинско, важно и единствено, самостојно, репрезентативно дело, заокружена, дефинитивно "завршена" ликовна творба. Со некои исклучоци, главно цртежот е третиран како споредна активност, скица, попатна белешка, понекогаш подготовка за слика и сл. Навистина, станува збор за различни пристапи, но, ако се направи обид, без некој посебно студиозен и аналитичен приод, да се издвои, да се посочи наш автор кој, без да се штеди, без да забошотува, го негувал цртежот со посебен афинитет и усет, тогаш без дилеми, треба да се одбележат постигнувањата на Свето Манев и Зоран Малиновски (кои веќе една деценија не живеат во Р.Македонија).

Покрај повремените сликарски практикувања кои се јавуваат како пополнување на креативниот меѓупростор, некојпат како потреба или колористичка глад, тоа што ќе остане, што ќе се депонира како траен белег и како високо вредносно остварување е цртачкото творештво кое на Зоран Пуриќ му е перманентна страст и опсесија. За него цртежот претставува константен предизвик, главен постулат на уметничкото размислување, доживување и вреднување, најсуштествена, најискрена и најпрепознатлива култна врска со вистинската внатрешна творечка нужност. До исцрпувачка упорност, авторот тргнува кон долготрајно, стрпливо, постепено, етапно градење и совладување, најпрефинето брусење и полирање до дефинитивниот визуелен исказ. Богатото искуство и цртачко знаење недвосмислено, безрезервно го потврдуваат мајсторството на Зоран Пуриќ, неговата способност, ликовно да вообличи целини на една нова, автентична, препознатлива уметничка стварност, специфична авторова поетика со мноштво асоцијативни, фантастични и надреални возбудливи призвуци. Притоа, раскошниот репертоар на динамизирани асоцијативни слоевити цртачки структури со надреално - фантастичен поттекст и згусната ликовна форма на карактеристично организираните композициски состави со мноштво елементи и детали, не преоѓа во дисонантна и претерана напнатост. Таквата моќ доаѓа од вештото совладување на проблемот на просторот, решавањето на врската на облиците со целината, како и неговата вродена смисла за одмереност и здржана изразност. Со чудесно поврзувачка магичност и невообичаена леснотија, Зоран Пуриќ успева да ги оркестрира и хармонизира, да воспостави комуникативност и синхронизираност, меѓусебна адаптираност и обусловеност на одделните верижни секвенции.

Првичните (контролирано) спонтани и импулсивни, експресивни и пулсирачко вдахновени компонентни ситуации на интерниот појдовен креативен нерв, се дооформуваат во перфекционистичка обработеност на иницијалните поводи за натамошна конкретизација и визуелна, беспрекорно техницистичка, таман колку е потребна прецизна обликуваност. Било да станува збор за симболично поставени состави кои создаваат форми на знаци и симболи, тотени, крстови и хералдичко конципирани облици, еволуирани, аморфни, релјефно и пластично дефинирани органоидни маси, или пак за пречистени и крајно редуцирани впечатливи форми, секогаш е евидентно авторовото суптилно и супериорно вградување на раскошните творечки потенцијали.

Гоце Божурски

Зоран Пуриќ е роден 1946 година во Пријепоље.
Факултет за применета уметност, оддел сликарство завршил во Белград 1976 год,
Студиски престојувал во Франција и Париз.
Член на УЛУС од 1982 год.
Работи како самостоен уметник.
Адреса: "Косанќиќев венец" 19, 11000 Белград, тел. +38111631302



**Самостојни изложби - избор:**

1971 - Лозана, Швајцарија - галерија "БЦ", 1974 - Вуковар - Галерија, Културен центар, 1975 - Белград - Галерија "Рачиќ", 1979 - Ужице - Галерија при театарот, 1980 - Пријепоље - Галерија при Дом на културата, 1983/84 - ОУ 20 општини Тромеѓе (Србија, Црна Гора и БиХ), (МЗП Пљевље), 1984 - Прибој - Галерија РУ "51", 1986 - Париз, Франција - Галерија на интернационалниот центар, - Белград, Галерија "УЛУС", - Будва, Галерија "Аркада", 1987 - Запрешиќ, Галерија "Карбон", - Арангеловац, Мала галерија, 1988 - Перник, Бугарија - Галерија при дворецот на култура 1989 - Нови Пазар - Галерија "Сопоќанска гледања", - Горажде - Народен музеј, 1990 - Херцег Нови - Галерија "Плажа", 1994 - Пријепоље - Музеј, 1996 - Белград - Галерија "Илија Коларац", 1997 - Пожаревац - Народен музеј, 1999 - Суботица - Галерија "Bucka Garnyo"- Белград - Галерија КЦБ 2001 - Белград - Галерија "Сингидунум",2002 - Раковица - Галерија "РЕЦ",- Паланка - Народен музеј, графичка галерија "Сигма"
Досега реализирал 60 самостојни изложби.

**Групни изложби:**

Излагал редовно од 1976 год. на сите значајни изложби во Србија и странство.

**Ликовни колонии;**

Учествувал во работа на над 150 колонии во Србија и странство

**Значајни награди:**

1981 - Белград - прва награда за Цртеж на меѓурепубличка заедница за култура, 1984 - Пријепоље - прва награда на Јулскиот салон, 1986 - Белград - награда на УЛУС за најдобра и изложба, 1987 - прва награда за сценографија на АП Србија, 1990 - Требиње - прва награда за сценографија на Фестивалот на републичките театри, 1998 - Рацибор, Полска - специјално признание на II. Бианале на минијатурна уметност, - Горни Милановац - прва награда за Цртеж на V. Меѓународно бианале на минијатурна уметност. 2003 - Белград - "Портретот низ времето", I. награда (во конкуренција на 3000 творби).

**За творештвото на Зоран Пуриќпишувале:**

Н.Кусовац, Ѓ.Кадејевиќ, К.Васиљковиќ, Д.Ѓокиќ, В.Сујиќ, д-р А.Ѓуриќ, д-р Ј.Сиљковиќ, М.Цмиљановиќ, М.Цецар, Љ. Матовиќ, д-р Ј.Љуштановиќ, Ј.Антоније-Виќ, М.Ѓукиќ, В.Томашевиќ, В.Србљановиќ, Мах-Политика 1976, д-р Смиљан Лазин и многу други во дневните весници, часописи и каталози.

Наслов на изложбата "Историски остатоци", изложено 30 работи цртежи во молив. Формат: 35 x 50 см и 30 x 20 см.















Министерство за култура
на Р. Македонија



Издавач: "Јоска Свештарот" - Струмица
директор: Стојан Дончевски
уредник: Глигор Беќаров
Компјутерска обработка и печат:
"ДИЗАЈН БАТЕВ" - Скопје
тираж: 300